# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за ПРИЈАВУВАЊЕ и изведување на дополнителни и вонредни испити во СОУ "Наум Наумовски-Борче" во Пробиштип во **АПРИЛСКАТА испитна сесија** во учебната 2020//2021 година

Согласно добиените насоки од Министерството за образование и наука и мислењето на Бирото за развој на образованието, за начинот за спроведување на испитите во средните училишта за редовните и вонредните ученици, се препорачува нивно спроведување преку далечинско учење, односно учење од дома со примена на средствата за електронска комуникација, а без заедничко физичко присуство на учесниците и со взаемна двонасочна комуникација.

Воедно, доколку е неопходно физичко присуство на одредени ученици при полагање на испити по одредени наставни предмети, директорите на училиштата се должни да ги организираат испитите согласно мерките и препораките за заштита од корона вирусот со ограничување на присуството на лицата во просториите и обезбедување на соодветна заштитна опрема и средства.

**Пријавувањето на кандидатите за полагање на дополнителни и вонредни испити во** АПРИЛСКАТА испитна сесија **е во периодот 19-23.04.2021 година и може да се врши и електронски со доставување на е-образец на пријава што може да се преземе на следниот линк:**
**http://nnaumovskiborce.edu.mk/2020-04-15-10-09-39/2020-04-15-10-14-27/item/184-2020**

- вонредните ученици треба да извршат уплата на **образец 50** на жиро с-ка **7570107048 787 19** со приходна шифра **723019** и програма **N2** која ќе ја набават во **банките** (Стопанска, Централно-кооперативна, ТТК, Комерцијална и ПТТ).
- за испит со писмена работа се уплаќа по **700.00** денари,
- за испит без писмена работа се уплаќа по **500.00** денари,
- кандидатот секој испит го уплатува на посебна уплатница,
- за пријавата се уплаќа административна такса во износ од 50 денари.

**Пријавите, записниците и уплатниците во хартиена или електронска форма се доставуваат до педагошко-психолошката служба или на e-mail:nnborceprob@yahoo.com**

**НАПОМЕНА:**

Училиштето, преку комисијата за изведување на соодветниот испит и во договор со предметните наставници, треба да ги контактира кандидатите (учениците) и да договорат начин и процедури на полагање, да ги запознае кандидатите со цел тие да можат на најдобар начин да го пренесат научениот материјал и да договори точно време за воспоставување на електронска врска и започнување на испитот. Согласно предвидените рокови и термини со Календарот за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта се препорачува спроведување на испитите во периодот 26-29.04.2021 година согласно дадениот Распоред во прилог.

Дел бр. 03-167/1
19.04. 2021 година
Пробиштип

ВД Директор
(Снежана Насевска)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Средно општинско училиште „Наум Наумовски Борче" ПРОБИШТИП

**Р А С П О Р Е Д**

за изведување на **ВОНРЕДНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ ИСПИТИ** во СОУ "Нау
Наумовски-Борче" во Пробиштип во **АПРИЛСКАТА испитна сесија** во учебната 20
година

Дополнителните и вонредните испити ќе се полагаат по следниот редослед;

| | |
|---|---|
| **26.04.2021 година (понеделник)** | |
| 1. Математика | од 13,00 час |
| 2. Економија, Менаџмент, Бизнис и менаџмент, Вовед во правото | од 13,00 час |
| 3. Информатика, Информатичка технологија, Програмски јазици | од 13,00 час |
| 4. Геолошко-рударски предмети | од 13,00 час |
| 5.Физика и електротехника | од 13,00 час |
| **27.04.2021 година (вторник)** | |
| 1. Спорт и спортски активности, физичко воспитување | од 13,00 час |
| 2. Хемија | од 13,00 час |
| 3. Странски јазик, Латински јазик | од 13,00 час |
| 4. Биологија | од 13,00 час |
| 5.Машински предмети | од 13,00 час |
| **28.04.2021 година (среда)** | |
| 1.Македонски јазик и литература | од 13,00 час |
| 2. Филозофија, Логика, Социологија, Граѓанско образование | од 13,00 час |
| 3. Географија | од 13,00 час |
| 4. Историја, Мир, толеранција и заштита | од 13,00 час |
| 5. Ненаведени предмети | од 13,00 час |

19.04. 2021 година
П р о б и ш т и п

ВД Директор

(Снежана Насевска)